Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-11909/1
25.12.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 ноември 2025 година

Скопје, ноември 2025 година

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

З А П И С Н И К
од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 ноември 2025 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворшна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Јорданчо Костадинов, градоначалник на Општина Чешиново-Облешево

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 ноември 2025 година

- Усвојување на Записникот од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2025 година

1. Информација за започнување со примена на квазигеоидот MK_HREF2022, како референтна површина за дефинирање на физичките висини во државниот вертикален референтен систем, со Предлог-одлука

2. Информација за спроведена анализа на кадровската структура, простор и опрема во Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија – Скопје и десетте центри за јавно здравје, со препорака за воведување на нови стандарди и нормативи во специфичната здравствена заштита

3. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 август 2025 година до 6 септември 2025 година

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-402/1)

5. Одлука за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кичево (разна стока), со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани – Општина Ресен)

7. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Студеничани)

8. Информација во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

промет, трговија и услуги Грандсолар увоз-извоз ДОО Скопје, Друштвото за производство, трговија и услуги Алба енерги груп ДООЕЛ – Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Хек солар МК ДОО Негрево Пехчево, со предлог - одлуки

9. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр.5, МХЕЦ Жировница со реф. бр.6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17

10. Информација за потребата од изготвување на нова Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2026-2030, со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца

11. Информација со Нацрт-патоказ за Реформа на јавната администрација, со прилози

12. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 7 август 2025 година до 11 ноември 2025 година

13. Информација за подготвување на изменување на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), во делот на роковите и надлежните институции одговорни за спроведување на активностите, со ревидиран Акциски план

14. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан

15. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

16. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата на Меѓународниот центар за безбедносна поддршка и обука за Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија

17. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (шест патнички моторни возила)

18. Иницијативи од политичката партија Левица од Скопје и од политичката партија Демократи од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2025 и У.бр.145/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78, член 78-а и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24)

19. Известување од извршител Лазар Петровски од Куманово, доставено под И.бр.2593/2023 за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 27 ноември 2025 година, за недвижен имот,


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

запишан во Имотен лист бр.493, за КО Љубодраг, на КП бр.57/3, КП бр.59/4, КП бр.62/3 и КП бр.60/3, викано место/улица „Бединска Утрина“ и Имотен лист бр.188, за КО Љубодраг, на КП бр.57/6, КП бр.58/3 и КП бр.59/7, викано место/улица „Бединска Утрина“

20. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Усогласеност на процедури за безбедноста на податоците од Централен регистар на население“

21. Информација во врска со обезбедени 30 бесплатни курсеви и обуки за вештачка интелигенција (AI) за лицата повредени во несреќата во Кочани

22. Извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година (период јануари - јуни)

23. Кадровски прашања

24. Прашања и предлози

25. Информација во врска со постапката за доделување на концесија по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2023, со Предлог-одлука

26. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 август 2025 до 14 август 2025 година

27. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 17 јули 2025 година до 23 јули 2025 година

28. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 7 август 2025 година до 13 август 2025 година

29. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 октомври 2025 година до 5 ноември 2025 година

30. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 6 ноември 2025 година до 12 ноември 2025 година

31. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 август 2025 година до 13 август 2025 година

32. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 23 октомври 2025 година до 29 октомври 2025 година

33. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 30 октомври 2025 година до 5 ноември 2025 година

34. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 6 ноември 2025 година до 12 ноември 2025 година

35. Информација за потребата од продолжување на рокот за стапување во сила на Договорот за заем и за забрзано продолжување на проектот: Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје

36. Информација за статус на активноста „Дизајн, набавка и инсталирање на новиот едношалтерски систем (НЕС) во Северна Македонија, RFP Реф. Бр.: WBTTFP-8929-MK-112-C-RFP“

37. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 17 јуни 2025 година до 7 август 2025 година

38. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година

39. Барање за донесување на одлука за давање на согласност за престанок на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост на Министерството за здравство, со Предлог-одлука

40. Информација во однос на предавање на дрвната маса произлезена при изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

41. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Кавадарци

42. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Кавадарци

43. Информација за организација на Билатерален бизнис форум со Република Србија, кој ќе се одржи на 3 декември 2025 година во Скопје, со усогласен текст на Меморандум

44. Информација за задолжително приклучување на сите институции од јавниот сектор кон Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) и обезбедување на целосна функционалност на системот

45. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за јавна администрација, за потребите на Државниот управен инспекторат

46. Информација за прогресот на активностите во воспоставување систем на плати во јавниот сектор

47. Информација за организација на Регионалниот форум „Од политика до импакт: Унапредување на интегритетот и институционалните реформи во Западен Балкан“, кој ќе се одржи на 10 декември 2025 година во Скопје

48. Информација за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година, во Доха, Катар

49. Информација за учество на Владата во проектот „Везилка – Антена на фабриката за вештачка интелигенција“ и негово кофинансирање

50. Иницијатива поднесена од Томислав Стефков, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.51/2025 за оценување на уставноста и законитоста на Колективниот договор за културата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20)

51. Информација за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

52. Информација за подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 4 декември 2025 година, во Скопје

53. Информација за задолжување на Република Северна Македонија која произлегува од Договорот за краткорочен денарски кредит со девизна клаузула за финансирање на буџетски дефицит од НЛБ банка АД Скопје, со Предлог-одлука

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.12.2025 12:06

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

54. Информација за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје, со Предлог-одлука

55. Информација за пресметка на плата за вработените во установите од областа на културата по Колективен договор за култура и по Општиот колективен договор за јавниот сектор

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 ноември 2025 година и Записникот од Сто и триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2025 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за започнување со примена на квазигеоидот MK_HREF2022, како референтна површина за дефинирање на физичките висини во државниот вертикален референтен систем, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување со примена на квазигеоидот MK_HREF2022, како дел од Државниот референтен систем.

<u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за спроведена анализа на кадровската структура, простор и опрема во Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје и десетте центри за јавно здравје, со препорака за воведување на нови стандарди и нормативи во специфичната здравствена заштита и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје и десетте јавни здравствени установи центри за јавно здравје да обезбедат подобрување на просторните услови за нивно функционирање, заклучно со 31.12.2028 година.

2. Се укажува на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје и десетте јавни здравствени установи центри за јавно здравје да обезбедат компјутерска опрема, опрема за информатичка поддршка и останати медицински апарати, согласно дејноста која ја вршат, заклучно со 31.12.2028 година.

<u>Точка 3</u>


**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 18.12.2025 12:06

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата повторно го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за период од 8 август 2025 година до 6 септември 2025 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-402/1).

Точка 5

Владата ја разгледа Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кичево (разна стока), со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кичево (за потребите на ЈП за комунални дејности „Комуналец“ ц.о. Кичево).

Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (за изградба на објект од јавен интерес со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани – Општина Ресен).

Точка 7

Владата ја одложи од разгледување Предлог -одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Студеничани).

Точка 8

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесени барања за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект за производство на електрична енергија од Друштвото за производство, промет, трговија и услуги Грандсолар увоз-извоз ДОО Скопје, Друштвото за производство, трговија и услуги Алба енерги груп ДООЕЛ – Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги Хек солар МК ДОО Негрево Пехчево, со предлог - одлуки.

Точка 9

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф. бр.5, МХЕЦ Жировница со реф. бр.6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, за наредната седница на Владата.

Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување на нова Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2026-2030, со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за правда, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Државниот инспекторат за труд и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието, а се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи, да достават номинации на двајца претставници од своите институции за член и заменик - член во меѓуресорската работна група задолжена за изготвување на нова Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2026-2030, со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да формира меѓуресорска работна група задолжена за изготвување на нова Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2026-2030, со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца, во рок од 15 дена од добивањето на номинациите.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата со Нацрт-патоказ за Реформа на јавната администрација, со прилози и условно ја усвои, со заклучок предлагачот да ги усогласи предлог-заклучоците со Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии и Министерството за јавна администрација.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 7 август 2025 година до 11 ноември 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за следниве општини и тоа:

1.1 Општина Кочани, за природна непогода град на 24.6.2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 2.190.872,00 денари;

1.2 Општина Новаци, за шумски пожар во периодот од 9.8.2024 година до 13.8.2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 6.707.951,00 денари;

1.3 Општина Струмица, за природна непогода дожд, силен ветер и град на 29.5.2022 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 7.497.353,00 денари;

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.12.2025 12:06
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1.4 Општина Велес, за природна непогода пожар на 18.7.2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 198.057,00 денари;

1.5 Општина Кавадарци, за природна непогода град на 20.8.2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 29.806.263,00 денари;

1.6 Општина Кочани, за природна непогода поплава на 25.6.2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 2.331.806,95 денари;

1.7 Општина Кочани, за природна непогода град на 23.7.2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 7.965.228,38 денари;

1.8 Општина Кичево, за природна непогода пожар на 19.3.2025 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 223.790,00 денари;

1.9 Општина Пробиштип, за природна непогода мраз во март и април 2025 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 2.099.044,00 денари;

1.10 Општина Градско, за природна непогода град на 6.6.2025 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 2.271.000,00 денари;

1.11 Општина Демир Капија, за природна непогода мраз на 8, 9 и 10 април 2025 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 18.255.322,00 денари;

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви предлог-одлуки за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот бр.1 точките 1.1 до 1.11.

3. Се укажува на општините согласно точките 1.1. до 1.11 од оваа информација пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

4. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, согласно точките 3.1, 3.2 и 3.3 од оваа информација, да ги информира општините за неможноста за постапување по предметите, поради истечени законски рокови, согласно член 143 од Законот за заштита и спасување.

Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за подготвување на изменување на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), во делот на роковите и надлежните институции одговорни за спроведување на активностите, со ревидиран Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати ревидираниот Акциски план за спроведување на Стратегијата за транспарентност (2023-2026), усогласен со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 14

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на Директоратот за правни работи во Министерството за одбрана.

Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

Точка 16

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО мисијата на Меѓународниот центар за безбедносна поддршка и обука за Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

Точка 17

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (шест патнички моторни возила).

Точка 18

Владата ги одложи од разгледување иницијативите од политичката партија Левица од Скопје и од политичката партија Демократи од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.144/2025 и У.бр.145/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 75-ѓ, член 75-ѓ став 1 и став 12 алинеи 1 и 2, член 76-д, член 76-д став 5 алинеи 1 и 2, член 78, член 78-а и член 78-а став 4 алинеи 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), поради потребата Министерството за правда да подготви и за наредната седница на Владата да достави заедничко (обединето) мислење, во соработка со Секретаријатот за законодавство.

Точка 19

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 ноември 2025 година го разгледа Известувањето од извршител Лазар Петровски од Куманово, доставено под И.бр.2593/2023 за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 27 ноември 2025 година, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.493, за КО Љубодраг, на КП бр.57/3, КП бр.59/4,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

КП бр.62/3 и КП бр.60/3, викано место/улица „Бединска Утрина“ и Имотен лист бр.188, за КО Љубодраг, на КП бр.57/6, КП бр.58/3 и КП бр.59/7, викано место/улица „Бединска Утрина“ и заклучи да го извести извршителот дека останува на истиот став како и за првата јавна продажба, со негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Усогласеност на процедури за безбедноста на податоците од Централен регистар на население“, како материјал за информирање.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со обезбедени 30 бесплатни курсеви и обуки за вештачка интелигенција (AI) за лицата повредени во несреќата во Кочани, како материјал за информирање.

Точка 22

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година (период јануари-јуни), како материјал за информирање.

Точка 23

1. Владата го разреши Јаше Сефер од должноста Национален координатор за креирање и следење на национални стратегии и политики на немнозински заедници.

2. Владата го именува Ерџан Демир за Национален координатор за креирање и следење на национални стратегии и политики на немнозински заедници и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Горан Николов од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија.

3.1 Владата ја именува Катерина Панова Илиевска од редот на вработените во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за член на Управниот одбор на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

4. Владата ја разреши Сања Рилкоска од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Галичица, Охрид - претставник од стручниот орган, поради истек на мандатот.

4.1 Владата ја именува Сања Рилкоска за член на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Галичица, Охрид - претставник од стручниот орган.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

5. Владата го разреши Љокман Салија од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

5.1 Владата ја именува Ирена Жарова за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Велес, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

6. Владата ја разреши Маја Крстевска од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните претставник од редот на стручните работници вработени во Центарот, на нејзино барање.

7. Владата го разреши Александар Богоевски од должноста член на Одборот за Македонска рамка за квалификации од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

7.1 Владата го именува Дарко Димитров за член на Одборот за Македонска рамка за квалификации претставник од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

8. Владата ја именува Зорица Лазова-Ефремовска за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, стручен работник од центарот за социјална работа.

9. Владата го разреши Крешник Цана од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања – Охрид, на негово барање.

10. Владата го разреши Бурим Бајрами од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена установа Здравствен дом ,,Липково'', на негово барање.

11. Владата ја разреши Марјана Стеваноска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Прилеп, на нејзино барање.

12. Владата го разреши Кире Николоски од должноста член на Управниот одбор на Државен студентски дом „Н.Х. Орде Чопела“ - Прилеп, на негово барање

13. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните што зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на интернет - страницата на Агенцијата за иновациска дејност, научно - технолошки развој и претприемништво за избор на тројца постојани претставници од редот на домашни и меѓународни експерти од областите за кои се распишуваат јавните конкурси за поддршка на иновациите, научно-технолошкиот развој и претприемништвото за членови на Советот за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво.

14. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го


| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 18.12.2025 12:06 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

Точка 24

1. Владата по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, во врска со обилните врнежи на дожд во Источна Македонија, ја задолжи Управата за хидрометеоролошки работи да подготви и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави извештај за десетгодишни просечни врнежи, во период од септември до декември.

2. Владата на барање на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со потребата да се извести Собранието на Република Северна Македонија за статусот на подготовката на новиот Изборен законик, го задолжи Министерството за правда, до 28 ноември 2025 година (петок), да достави информација за статус на подготовка на новиот Изборен законик, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

3. Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 ноември 2025 година, донесе:

- Одлука за именување на повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше, со која се именува Онер Јакупоски за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше.

- Одлука за именување на повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Центар Жупа, со која се именува Аријан Ибраим за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Центар Жупа.

- Одлука за именување на повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Врапчиште, со која се именува Буњамин Кадриу за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Врапчиште.

- Одлука за именување на повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Гостивар, со која се именува Фадил Џелили за повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот на Општина Гостивар.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2023, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – метални минерални суровини на Друштвото за производство, трговија и услуги Енергосолуција ДООЕЛ Виница на локалитетот ,,Пекљани”, Општина Виница.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 26

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 август 2025 до 14 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 27

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 17 јули 2025 година до 23 јули 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 28

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 7 август 2025 година до 13 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 29

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 30 октомври 2025 година до 5 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 30

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 6 ноември 2025 година до 12 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 31

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7 август 2025 година до 13 август 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 32

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 23 октомври 2025 година до 29 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 33

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 30 октомври 2025 година до 5 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 34

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 6 ноември 2025 година до 12 ноември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на рокот за стапување во сила на Договорот за заем и за забрзано продолжување на проектот: Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и Градот Скопје да подготви и достави допис до Европската банка за обнова и развој, со кој ќе побара продолжување на рокот за ефективност, односно стапување на сила на Договорот за заем наменет за финансирање на проектот - Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

наместо 29.8.2024 година, рокот да биде 31.3.2026 година и да побара Европската банка за обнова и развој да ја разгледа можноста за продолжување на грејс - периодот за првата транша од заемот за 4 години.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и Министерството за финансии, а се укажува на Град Скопје по добивање на позитивен одговор од Европската банка за обнова и развој на барањето за продолжување на рокот за ефективност на Договорот за заем, да ги преземат сите потребни активности за склучување на Договорот за имплементација на Проектот.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за статус на активноста „Дизајн, набавка и инсталирање на новиот едношалтерски систем (НЕС) во Северна Македонија, RFP Реф. Бр.: WBTTFP-8929-MK-112-C-RFP“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од два дена, да подготви и достави допис до Светска банка со кој ќе извести дека ќе ги обезбеди потребните средства за затворање на финансиската структура за активноста „Дизајн, набавка и инсталирање на новиот едношалтерски систем (НЕС) во Северна Македонија, RFP реф. бр.: WBTTFP-8929-MK-112-C-RFP“, предвидена со Договорот за заем, односно ќе го обезбеди потребното буџетско учество во износ од 1,45 милиони евра, кои ќе се исплаќаат во 2027 година, согласно динамиката на реализација на активностите на проектот.

2. Се задолжува Министерството за транспорт средствата за реализација на активностите од проектот „Дизајн, набавка и инсталирање на новиот едношалтерски систем (НЕС) во Северна Македонија, RFP реф. бр.: WBTTFP-8929-MK-112-C-RFP“, да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за 2027 фискална година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт по добивање на позитивен одговор од Светска банка да ја продолжи постапката за набавка за избор на најповолен понудувач за „Дизајн, набавка и инсталирање на новиот едношалтерски систем (НЕС) во Северна Македонија, RFP реф. бр.: WBTTFP-8929-MK-112-C-RFP“ до склучување на договор.

Истовремено, согласно укажувањата на Министерството за финансии, наведените средства предлагачот да ги обезбеди во рамките на планираните средства за 2027 година.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи, во период од 17 јуни 2025 година до 7 август 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија на следниве општини и тоа:

1.1 Општина Берово, за природна непогода поплава на 24 јуни 2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 3.389.000,00 денари;

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.12.2025 12:06
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1.2 Општина Битола, за природна непогода поплава на 5 јуни 2023 и 6 јули 2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 1.167.094,00 денари;

1.3 Општина Врапчиште, за природна непогода град на 6 јули 2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 4.757.029,00 денари;

1.4 Општина Сарај, за природна непогода поплава на 26 јуни 2024 година и 27 јуни 2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 7.923.000,00 денари;

1.5 Општина Велес, за природна непогода силен ветер, обилни врнежи и поплава на 20 август 2022 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 443.628,00 денари;

1.6 Општина Велес, за природна непогода силен ветер, обилни врнежи и поплава на 4 јули 2022 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 208.978,00 денари;

1.7 Општина Охрид, за природна непогода град на 24 јуни 2023 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 98.796.370,00 денари;

1.8 Општина Тетово, за природна непогода поплава во период од 23 јуни 2024 година до 27 јуни 2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 62.799.889,00 денари;

1.9 Општина Градско, за природна непогода мраз на 20 март 2025 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 143.937.000,00 денари;

1.10 Општина Гази Баба, за природна непогода дожд и град на 18 јули 2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 37.952.508,00 денари;

1.11 Општина Кавадарци, за природна непогода град на 27 јуни 2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 11.787.523,00 денари;

1.12 Општина Гази Баба, за природна непогода дожд и град на 23 јуни 2024 година, во висина од 5 % од вкупно проценетата штета од 179.104.763,00 денари;

2. Го задолжи Министерството за финансии да подготви предлог - одлука за парична помош од Буџетот, согласно заклучокот 1 од точка 1.1. до 1.12.

3. Се укажува на општините согласно заклучокот бр. 1, точките 1.1 до 1.12 од оваа информација, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да достават детален извештај за распределените средства за настанатата штета до Владата.

Точка 38

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 39

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за донесување на одлука за давање на согласност за престанок на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост на Министерството за здравство, со Предлог-одлука, за втората наредна седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство да достави мислење по истото.

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во однос на предавање на дрвната маса произлезена при изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, во рок од 15 дена, да донесе Одлука за предавање на дрвната маса на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – П.О. Скопје, произлезена од изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција.

2. Се препорачува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – П.О. Скопје, да склучи договор за предавање на дрвната маса со Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката за предавање на дрвната маса на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" – П.О. Скопје, произлезена од изградбата на интерконективен гасовод на Република Северна Македонија – Грција, донесена од страна на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Кавадарци.

Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Украина во Република Северна Македонија, со седиште во Кавадарци.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за организација на Билатерален бизнис форум со Република Србија, кој ќе се одржи на 3 декември 2025 година во Скопје, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

2. Се овластува Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите организациски активности околу Билатералниот бизнис форум со Република Србија, кој ќе се одржи на 3 декември 2025 година во Скопје.

4. Се задолжува Канцеларијата на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, да ги преземе сите активности околу посетата на Адријана Месаровиќ, потпретседател на Владата на Република Србија и министер за економија, за присуство на Билатералниот бизнис форум со Република Србија, кој ќе се одржи на 3 декември 2025 година во Скопје.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги подмири трошоците за целокупната организација на Билатералниот бизнис форум со Република Србија, кој ќе се одржи на 3 декември 2025 година во Скопје.

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за задолжително приклучување на сите институции од јавниот сектор кон Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) и обезбедување на целосна функционалност на системот и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во рок од десет дена, да се приклучат кон ИСУЧР системот и да започнат со ажурирање на податоци и пресметка на платите, согласно овој систем.

2. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, во рок од седум дена, да овластат најмалку едно лице за управување со податоците во ИСУЧР, согласно член 19 став (5) од Законот за вработените во јавниот сектор и за тоа писмено да го известат Министерството за јавна администрација.

3. Се задолжуваат органите на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, кои веќе добиле корисничко име и лозинка за пристап до ИСУЧР, во рок од десет дена, да ги внесат и/или комплетираат податоците за сите вработени и да отпочнат со редовно ажурирање на секоја настаната промена, согласно член 19 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор.

4. Се задолжува Министерството за јавна администрација - Државен управен инспекторат во рок од 30 дена, да започне со спроведување на вонредни инспекциски надзори во институциите кои не ги исполнуваат законските обврски поврзани со користење на ИСУЧР и за утврдените неправилности да презема мерки, согласно закон.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

5. Се задолжува Министерството за јавна администрација во рок од седум дена, да организира координативна средба со Заедницата на единиците на локалната самоуправа, на која ќе се разгледаат можностите и механизмите за институционална, техничка и едукативна поддршка на единиците на локалната самоуправа и јавните установи основани од нив, за приклучување кон ИСУЧР системот и користење на системот за пресметка на плати.

6. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа активно да учествува во процесот на целосна имплементација на ИСУЧР системот, преку информирање и поттикнување на општините и јавните установи основани од општините за навремено приклучување и редовно користење на ИСУЧР системот.

7. Се задолжува Министерството за јавна администрација во соработка со Министерството за дигитална трансформација во рок од 30 дена, во рамки на Националниот систем за интероперабилност, да обезбедат технички и функционални предуслови за вклучување на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), како и размена на податоци со надлежните институции.

## Точка 45

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за јавна администрација, за потребите на Државниот управен инспекторат, за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, поради потреба од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии – Управа за имотно - правни работи.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за катастар на недвижности, да достави мислење по материјалот.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во воспоставување систем на плати во јавниот сектор, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија и труд, во рок од шест месеци, да ги обезбеди и достави сите модели за исплата на плати до Министерството за јавна администрација.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за организација на Регионалниот форум „Од политика до импакт: Унапредување на интегритетот и институционалните реформи во Западен Балкан“, кој ќе се одржи на 10 декември 2025 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.12.2025 12:06
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

на Република Северна Македонија до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, да достават номинација на лице и негова соодветна замена за учество во работната група за организација на Регионалниот форум „Од политика до импакт: Унапредување на интегритетот и институционалните реформи во Западен Балкан“, до 28 ноември 2025 година.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна логистичка поддршка на настанот, возила и транспорт за странски делегации доколку е потребно од Меѓународниот аеродром Скопје до хотел Хилтон Скопје.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да обезбеди дипломатска координација и комуникација со странските делегации, потребна поддршка за логистиката поврзана со нивното пристигнување и престој, како и протокол за време на настанот.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите потребни активности согласно своите надлежности за целосно обезбедување на локацијата на настанот каде што се одржуваат сесиите и придружните активности почнувајќи од 9 до 10 декември 2025 година, како и полициска придружба за делегациите по барање на организаторот.

Точка 48

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за составот на делегацијата за учество на Единаесетта сесија на Конференцијата на Договорните страни на Конвенцијата на Обединетите нации против корупција, што ќе се одржи од 15 до 19 декември 2025 година, во Доха, Катар, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја дополни Информацијата со членови на делегацијата кои ќе присуствуваат на Конференцијата.

Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Владата во проектот „Везилка – Антена на фабриката за вештачка интелигенција“ и негово кофинансирање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на повеќегодишни финансиски обврски за реализација на проектот „Везилка – Антена на фабриката за вештачка интелигенција“ во вкупна вредност од 90.000.000 денари, распоредено по години и тоа:

- 10.000.000 денари во 2025 година,
- 50.000.000 денари во 2026 година и
- 30.000.000 денари во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да изврши исплата на средства за други тековни расходи во висина од 10 милиони денари, во рамки на Раздел 17001 од сметка 637, програма Н, потпрограма НА, ставка 426, обезбедени од буџетот на Министерството за дигитална трансформација за 2025 година.

| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 18.12.2025 12:06 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100 |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да склучи Меморандум за соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и договор за реализација на активностите предвидени во проектот „Везилка – Антена на фабриката за вештачка интелигенција“, во рок од седум дена од денот на усвојувањето на оваа информација.

4. Се задолжуваат сите органи на државна управа, а им се укажува, односно препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа да го спроведат прашалникот за користење на вештачка интелигенција кој е достапен на https://1ka.arnes.si/global-ai-mk во рамки на своите институции и веднаш да го доставаат до вработените за пополнување.

Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Томислав Стефков, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.51/2025 за оценување на уставноста и законитоста на Колективниот договор за културата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20) и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на точката 1 од Барањето: Да се наведе дали звањата содржани во Колективниот договор за култура произлегуваат од:

• Законот за вработените во јавниот сектор,
• Законот за административните службеници и
• Каталогот на работни места во јавниот сектор,

како и да се изврши споредување на звањата утврдени во Колективниот договор за култура и во Каталогот на работните места во јавниот сектор и да се извести кои звања се различни, односно дали Колективниот договор е усогласен со Каталогот на работните места во културата се известува за следното:

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 февруари 2014 година го донесе Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Согласно членот 3 од Законот за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и со колективните договори. Додека за прашањата кои не се уредени со овој закон, како и за прашања за кои овој закон не упатува на примена на посебен закон и на колективен договор, а се однесуваат на работниот однос на вработениот, се применуваат општите прописи за работните односи.

Со членот 14 од Законот се утврдени групи и подгрупи на работните места во јавниот сектор при што е утврдено дека во институциите од јавниот сектор, работните места на вработените се групираат во IV групи и тоа:

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 18.12.2025 12:06
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

група I - работни места на административни службеници, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи од административна природа,

група II - работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради извршување на посебни овластувања,

група III - работни места на даватели на јавни услуги, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа и

група IV - работни места на помошно-технички лица, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради одржување, обезбедување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на институциите.

Понатаму со Законот е утврдено дека во рамките на секоја група се утврдуваат една или повеќе подгрупи на работни места, при што во рамките на групата I се утврдени две подгрупи, а во подгрупата 2 спаѓаат јавните службеници.

Во рамките на групата III - работни места на даватели на јавни услуги во јавните установи, јавните претпријатија основани од Република Македонија, од општините, од Градот Скопје или од општините во Градот Скопје се утврдени 5 подгрупи при го во подгрупата 4 се утврдени даватели на јавни услуги во областа на културата и на јавното информирање.

Во групата IV работни места на помошно-технички лица (во сите институции на јавниот сектор): се утврдени пет подгрупи и тоа:
- подгрупа 1 - помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата,
- подгрупа 2 - помошно-технички лица за обезбедување на објектите и на опремата,
- подгрупа 3 - помошно-технички лица за превоз на лица и на опрема,
- подгрупа 4 - помошно-технички лица во кујна или во хотелско-угостителски објект и
- подгрупа 5 - други помошно-технички лица.

Воедно, Собранието на Република Македонија на истата седница го донесе и Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14) со кој се уредува статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата, согласно со одредбите од напреднаведените закони, се утврдени три групи на вработени во установите од областа на културата и тоа:

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 18.12.2025 12:06
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1. Вработени кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејности во културата  и кои имаат статус на административни службеници.  За оваа група вработени прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот, платата и надоместоците и други прашања во врска со работниот однос се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

Законот за културата не содржи посебни одредби кои се однесуваат на оваа група на вработени, а категориите и нивоата на работните места се утврдени согласно членовите 22, 24, 25, 26 и 27 од Законот за административните службеници, додека пак називите на звањата на работните места се содржани во Каталогот на работни места во јавниот сектор, односно во Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР).

2. Вработени во јавните установи од областа на културата, со статус на даватели на јавни услуги во културата и за нив се применуваат одредбите од Законот за културата, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Во оваа група се утврдени категории и нивоа на работни места и тоа:

- Категорија А -  уметници,
- Категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко -сценски дела,
- Категорија В - стручни сценски работници,
- Категорија Г - стручни соработници  во дејности од областа на културата,
- Категорија Д - стручни работници во заштитата на културното наследство,
- Категорија Ѓ – работници во заштитата на културното наследство.

Со Законот се утврдени и образованието, работното искуство и стручните компетенции кои вработените во установите од областа на културата од секоја категорија и ниво на работно место треба да ги исполнуваат.

3. Третата група вработени во јавните установи од областа на културата се лицата кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

За помошно-техничките лица се утврдуваат следните подгрупи:

- Подгрупа 1: помошно - технички лица за одржување на објектите и опремата;
- Подгрупа 2: помошно - технички лица за обезбедување на објектите и опремата;
- Подгрупа 3: помошно - технички лица за превоз на лица и опрема; и
- Подгрупа 5: други помошно - технички лица.

Со членовите 76-б, 76-в, 76-г, 76-д, 76-ѓ, 76-е и 76-ж од Законот за културата се утврдени нивоата на работни места на даватели на јавни услуги во културата во рамките на категориите А, Б, В, Г, Д и Ѓ, како и подгрупите за помошно – техничките лица.

Оттука, се укажува дека звањата содржани во Колективниот договор за култура произлегуваат од Законот за културата и Законот за вработените во јавниот сектор, меѓутоа истите за разлика

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

од Законот за културата, Законот за вработените во јавен сектор и Каталогот на работни места во јавен сектор се поставени на начин што како прва категорија се уметниците, со највисоки коефициенти на сложеност, понатаму помошно - техничките лица, и на крај административните службеници.

Се напоменува и дека, како што е утврдено во Колективниот договор за културата во дефиницијата работник е наведено дека: работник во смисла на овој колективен договор е секое физичко лице кое е во работен однос во установа од област на културата или во друго правно лице кое врши дејност од областа на културата. Ова значи административните службеници кои се вработени во Министерството за култура и туризам, а вршат работи од областа на културата не спаѓаат под овој колективен договор за култура, односно за нив важи Законот за административни службеници и согласно истиот имаат значително помала плата од административните службеници во јавните установи, а истото можеме да го утврдиме од исплатните листи во прилог на овој одговор.

Нерамноправноста во работните места и примањата на работниците, произлегува и од тоа што административните службеници кои се вработени во јавните установи кои вршат дејност од областа на културата се вработуваат по постапка согласно Законот за административни службеници, односно на ист начин како и вработените во државните органи, конкретно Министерството за култура и туризам. Во ситуацијата имаме вработени на ист начин, со права и обврски согласно Законот за култура и Законот за административни службеници, со исти работни задачи и одговорности, но со значителна разлика во платата и формулата за пресметка на плата.

Исто така, и формулата за пресметка на плати е различна на административните службеници вработени во Министерството за култура и туризам, кои пресметуваат плата согласно формулата утврдена во Законот за административни службеници, и вработените во јавните установи кои вршат дејност од областа на културата кои пресметуваат плата согласно Колективниот договор за култура и туризам, по различна формула за основна плата на вработен.

Ова е во насока на укажување за нерамноправноста на лица со исто звање, кои се административни службеници, меѓутоа со самото тоа што едните работат во јавни установи од областа на културата како даватели на услуги, уживаат значително повисоки плати, иако согласно мерит системот, обемот на работа не може да се спореди во установа на локално ниво, со работата во Министерство за култура и туризам или во установа на државно ниво.

Категоризација во Колективниот договор за култура главно е направена врз основа на тогаш (во 2019 година) јавно објавениот Каталог за вработените во јавниот сектор - Верзија 8.0 (која била постоечка и јавно достапна во моментот на потпишување на Колективниот договор). Во оваа верзија работните места за областа на културата се евидентирани во следните опсези: од реден број 1166 до реден број 1258 ( за административните службеници); од реден број 2665 до реден број 2820 (за давателите на јавни услуги) и од реден број 3973 до 4083 (за помошно – техничките лица).

Во однос на верзијата 8.0 од Каталогот се укажува дека одредени работни места кои се уредени во Законот за културата, не се содржани во Каталогот.

Такви места се:

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1. Во Каталог: реден број: 2688 КУЛ 03 04 А03 018 Првенец играч во НУ Танец (првенец играч/пејач во Танец) - во Законот за културата е утврдено само: првенец - играч во НУ Танец; - Во Колективниот договор ова место е утврдено првенец играч/пејач во установа на областа на фолклорната дејност (во сите работни места во кои во Каталогот и во Законот за културата е утврдено работно место со наведување на зборовите „во НУ Танец“ во Колективниот договор зборовите „во НУ Танец“ се заменети со зборовите „во установа од областа на фолклорната дејност“);

2. Во Каталог: реден број 2689 КУЛ 03 04 А03 019 Музички инструменталист првенец во НУ Танец (Првенец инструменталист во Танец) – Во Законот за културата не е утврдено вакво место; - Во Колективниот договор ова место е утврдено како музички инструменталист првенец во установа од областа на фолклорната дејност;

3. Во Законот за културата Ниво А4 уметници втора група, меѓу другите, е утврдено работно место „труба со пистон“, кое не е содржано ни во Каталогот ни во Колективниот договор за културата;

4. Во Законот за културата во Ниво А5, меѓу другите, е утврдено работно место: група втори дувачи (втора флејта со пиколо) кое не е содржано ни во Каталогот ни во Колективниот договор;

5. Во Каталогот под реден број 2767 е утврдено работно место: КУЛ 03 04 Г02 006 Стручен соработник во фолклорна и сценско – уметничка дејност. Ова работно место со истиот реден број е утврден и во Колективниот договор за културата, но местото не е уредено во Законот за културата;

6. Во Каталогот под реден број 2777 е утврдено работно место: КУЛ 03 04 Г03 006 Соработник во фолклорна и сценско – уметничка дејност; Ова работно место со истиот реден број е утврден и во Колективниот договор за културата, но местото не е уредено во Законот за културата;

7. Во Каталогот под реден број 2783 КУЛ 03 04 Г03 012 е утврдено работно место; координатор на депо/ракувач во депо; во Колективниот договор за културата со истиот број е утврдено истото работно место, а во Законот за културата ова работно место е утврдено само како координатор на депо;

8. Во Каталогот се утврдени работни места: Раководител на внатрешна организациона единица – Сектор во библиотека/музеј/конзерваторски центар/кинотека и Раководител на организациона единица – Одделение во библиотека/музеј/конзерваторски центар/кинотека, места кои не се уредени во Законот за културата;

9. Во Законот за културата е утврдено работно место: Изработувач на реквизита, а ова место го нема во Каталогот на работни места, додека пак во Каталогот се утврдени работни места; одговорен декоратер, друг НКВ работник за одржување на објекти, светломајстор, работници на сценско-визуелни ефекти, тон - мајстор, тон - оператер, чевлар – шивач, но истите не се утврдени со Законот за културата.

Во однос на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) укажуваме дека е евидентирано дека постојат одредени работни места (од областа на јавните набавки) кои ги нема во Колективниот договор, а одредени работни места се појавуваат со двојно.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Во однос на точката 2 од Барањето: Да се доставaт податоци за бројот и содржината на тужбите и судските пресуди поднесени и донесени по тужбите на вработени во јавните установи од областа на културата, на кои се применува Колективниот договор за култура, во делот на платите, се известува за следното:

До основните судови во државата пристигнати се околу 800 тужби од вработени во установите, против различни јавни установи кои вршат дејност од областа на културата.

Основот за поднесување на тужбата од страна на вработените, е поништување на решение за утврдување на правото на плата кои беа донесени во март 2025 година од директорите на установите. Тужените бараат поништување на решенијата донесени од директорите на установите со правилната пресметка на плата и враќање на старите решенија кои беа донесени од страна на директорите, чија пресметка се утврди како неправилна и беше одбиена од страна на Министерството за финансии. Спорно кај сите предмети е толкувањето на член 14 од Општиот договор за вработени во јавен сектор, каде е уредено правото на вработените во јавниот сектор да добијат покачување од 10% започнувајќи од септември 2023 година. Според тужените, вака утврдените 10% треба да се пресметуваат секоја година, на основица од новоутврдената минимална плата објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“, што не претставува правилна примена на членот 14 од Општиот колективен договор за вработени во јавен сектор. Утврдените 10% се пресметале како покачување на плата само еднаш во 2023 година, и истите се пренесуваат во ист износ при секоја пресметка на плата на вработениот.

Во прилог на увид Ви се доставува пример од тужба поднесена до Основен граѓански суд Скопје со докази, како и единствената донесена Пресуда од Основен суд - Битола со која е делумно усвоено тужбеното барање на тужителот. Пресудата е обжалена пред Апелационен суд - Битола, кој моментално одлучува по жалбата на тужениот.

За да биде појасно, во март 2025 година директорот на национална установа од областа на културата (пример Национална опера и балет) носи Решение за утврдување на плата на вработен во установата (пример балетан) врз основа на следната формула: основна плата согласно Колективниот договор во култура (минимална плата за годината објавена во Службен весник на Република Северна Македонија за 2025 година помножена со коефициент на сложеност на работното место) зголемена за 10% согласно член 14 од Општиот договор за вработените во јавен сектор кое покачување се земало во септември 2023 година. Од причина што, по доставените пресметки од Министерството за култура и туризам до Министерството за финансии, Министерството за финансии даде негативно мислење, Министерството за култура и туризам согласно насоките добиени од Министерство за финансии достави нова формула за пресметка на плата до сите национални установи кои вршат дејност од областа на културата која гласи: основна плата (минимална плата за годината објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ за 2025 година помножена со коефициент на сложеност на работното место) зголемена за 10% што веќе еднаш е пресметан во 2023 година кога согласно Колективен договор и требало да се добие тоа покачување утврдена како:  разликата во исплатена плата во септември 2023 година со исплатената плата во август 2023 година.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Во прилог листа на предмети кои се водат пред Основен граѓански суд Скопје со број на предмет и податоци за тужител и тужен, доколку Уставниот суд смета може да побара дел од предметите на увид како би се запознал со содржината на овие тужби.

Едно е сигурно, доколку вака поставените тужбени барања бидат усвоени, Буџетот на државата ќе мора да исплати трошоци на адвокати кои би биле во милионски суми, а со оглед на бројот на тужбите кои се испратени.

Во однос на точката 3 од Барањето: Да се достави список со плати по звања и јавни установи од областа на културата, на кои им се пресметува и исплаќа плата согласно Колективниот договор за култура и Општиот колективен договор за јавниот сектор, во прилог се доставуваат списоци изготвени од страна на Секторот за финансиски прашања во Министерството за култура и туризам.

Во однос на точката 4 од Барањето: Да се достави јасна информација дали Министерството за финансии дало согласност на Колективниот договор за култура, согласно со законските прописи што ја уредуваат постапката за склучување колективни договори во јавниот сектор, го даваме следниот одговор:

Министерството за култура и туризам (тогаш Министерството за култура) до Владата на Република Северна Македонија доставило Информација за потребата од давање овластување за склучување на нов Колективен договор за култура бр. 02-14690/1 од 27.12.2019 година (во прилог). Владата на Република Северна Македонија на Сто седумдесет и четвртата седница, одржана на 28 декември 2019 година, по точка 110 донела Заклучок бр. 45-11035/1 од 28.12.2019 година со кој ја усвоила цитираната Информација и го овластила министерот за култура согласно член 218 став (1) од Законот за работните односи, да го склучи новиот колективен договор за култура во име на Министерството за култура (во прилог). Министерството за финансии до Владата на Република Северна Македонија доставила Мислење бр. 08-10990/2 и 08-11055/2 од 30.12.2019 година (во прилог).

Се истакнува дека вака донесениот Колективен договор ќе придонесе за нерамноправност во платите за останатите вработени во јавен сектор и ќе доведе до нарушување на воспоставениот систем на плати, ако се има предвид дека се врши изедначување на платите со средно и високо образование и ќе се отвори можност за зголемување на платите и кај други дејности. Согласно пресметките за примена на новиот колективен договор потребни се дополнителни финансиски средства од 266.979.365,00 денари кој би требало да стапи во сила на 1.7.2020 година, а Министерството за финансии истите да ги обезбеди. Министерството за финансии укажува дека со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година не се обезбедени средства за зголемување на платите на вработените во култура, како и дека при утврдување на висината на платата потребно е да се земе предвид обемот на работата, степенот на образование и типот на установата (национална или локална).

Видно од Мислењето, датумот на ова мислење е од 30.12.2019 година, а на 28.12.2019 година Владата без добиено позитивно мислење од Министерството за финансии го овластила министерот за култура да го потпише Колективниот договор. Дотолку повеќе што јасно е од Мислењето на Министерството за финансии дека не биле обезбедени средства за потпишување на овој Колективен договор и буџетскиот корисник Министерството за култура и туризам

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

согласно член 4 од Законот за извршување на буџети не смеел да презема обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства во буџетот.

Имајќи го предвид погоренаведеното, Колективниот договор за култура не е донесен согласно закон и не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор.

Точка 51

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, што ќе се одржи на 4 декември 2025 година, во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Надица Џерковска, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа, за копретседавач на Поткомитетот за земјоделство и рибарство.

2. Се задолжува копретседавачот на Поткомитетот земјоделство и рибарство, во соработка со Министерството за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да ја достави до Европската комисија преку Министерството за европски прашања, најдоцна до 25 ноември 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 25 ноември 2025 година.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија која произлегува од Договорот за краткорочен денарски кредит со девизна клаузула за финансирање на буџетски дефицит од НЛБ банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај НЛБ банка АД Скопје по Договорот за краткорочен денарски кредит со девизна клаузула за финансирање на буџетски дефицит (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 18.12.2025 12:06
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за издавање на државна гаранција на обврските на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје кои произлегуваат од Договорот за синдициран кредит од Стопанска банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и Халк банка АД Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 55

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пресметка на плата за вработените во установите од областа на културата по Колективен договор за култура и по Општиот колективен договор за јавниот сектор, со заклучок истата да се разгледа во редовна владина постапка.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.12.24 11:26:05 +01:00

Подготвил: Христина Мишевска, 05.12.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 17.12.2025
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 18.12.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 18.12.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.12.23 09:45:44 +01:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 18.12.2025 12:06 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6205a5be-47d5-4327-a5c9-1384c7541f21&materialId=3f5d091d-edf6-4686-8c4b-96e551b08100** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*